Одбиено Т.Б.

бр. 4



Рев2.бр.11/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: [redacted] - претседател на советот, [redacted] и [redacted] - членови на советот, во правната работа на тужителот [redacted] од Б., против тужениот Република Северна Македонија, за надомест на нематеријална штета, вредност на спорот 5.170.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата од тужителот, изјавена против пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ-4336/18 од 09.10.2019 година, на седницата одржана на ден 22.10.2020 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужителот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда П4-687/17 од 15.05.2018 година, тужбеното барање на тужителот со кое барал да се задолжи тужената Република Македонија да му исплати на име надомест на нематеријална штета поради повреда на слободата поради неосновано лишување од слобода, односно притворање, честа и угледот, вкупен износ од 5.170.000,00 денари, со законска казнена камата сметано од денот на пресудување 15.05.2018 година до денот на исплатата во висина на референтната стапка на НБ на РМ, што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието, што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени го одбил поради застареност. Со решение составен дел на пресудата го задолжил тужителот да и ги надомести трошоците во постапката на тужената, во вкупен износ од 107.640,00 денари во рок од 15 дена по правосилноста на пресудта, а под закана од присилно извршување.

Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ-4336/18 од 09.10.2019 година, жалбата на тужителот ја одбил како неоснована и пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје П4-687/17 од 15.05.2018 година, ја потврдил.

Против второстепената пресуда, ревизија изјави тужителот, преку полномошник Доне Кузмановски адвокат од Б., поради суштествени повреди на одредбите на постапката и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, побиваната и првостепената пресуда да се укинат и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно судење односно да ги преиначи на начин што ќе се усвои тужбеното барање на тужителот и да се задолжи тужениот со парничние трошоци сторени во постапката

Врховниот суд на Република Северна Македонија, по проучување на списите по предметот и наводите во ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 377 став 3 од Законот за парничната постапка (Службен весник на РМ бр. 79/05...124/15), најде:

Ревизијата е неоснована.

Неоснован е наводот во ревизијата за сторени суштествени повреди на одредбите од член 343 став 2 точка 14 од Законот за парнична постапка, од причина што побиваната пресуда е јасна, разбирлива, со доволно образложени причини за решителните факти па како таква во целост може да се испита.

Наводите во ревизијата за сторена суштествена повреда на одредбите од парничната постапка од член 343 став 1 во врска со член 8 од Законот за парничната постапка, не беа предмет на оцена на овој суд, бидејќи во смисла на член 375 од Законот за парничната постапка, со ревизија не може да се напаѓа оцената на изведените докази, како и правилноста на утврдената фактичка состојба, дотолку повеќе што второстепениот суд ја прифатил утврдената фактичка состојба од страна на првостепениот суд.

Неоснован е наводот во ревизијата за погрешна примена на материјалното право, ако се има во предвид утврдената фактичка состојба.

Имено, од изведените докази во текот на постапката првостепениот суд утврдил а второстепениот прифатил дека тужителот бил вработен во С. Банка АД Б., извршувал фукција како втор генерален директор и член на управниот одбор на банката заклучно со 07.10.2010 година. Врз основа на решение за спроведување истрага донесено од истражен судија при Основен суд Прилеп, издржувал мерка притвор во Затвор П., во период сметано од 19.06.2013 година заклучно до 26.06.2013 година, кога мерката притвор била укината со правосилно решение. Кривичната постапка,

против сега тужителот како обвинет, за продолжено кривично дело-Злоупотреба на службена положба и овластување по член 353 став 4 в.в. со став 1 и 3 член 45 од Кривичниот законик, отпочната со решение за спроведување на истрага Ки.бр. 76/13 од 19.06.2013 година на истражниот судија при Основен суд Прилеп, односно, покренатата истрага била запрена со решение Ки.бр.76/13 од 04.03.2014 година на истражен судија при Основен суд Прилеп. Предметното решение било доставено до ОЈО а на обвинетиот, сега тужителот и неговиот бранител истото било уредно доставено на 05.03.2014 година при што истите изрично се откажале од правото на жалба против решението. Решението со кое истрагата против обвинетиот била запрена станало правосилно на ден 11.03.2014 година. Истото ова решение Ки.бр.76/13 од 04.03.2014 година било доставено и до С. Банка АД Б. на 12.03.2014 година со известување дека во рок од 8 дена а согласно член 56 од Законот за кривичната постапка, можат самите да го продолжат гонењето. Од страна страна на банката до Основен суд Прилеп поднесен бил супсидијарен обвинителен акт против сега тужителот за продолжено кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување по член 353 став 4 в.в. со став 1 и 3 член 45 од Кривичниот законик. Од страна на Основниот суд Прилеп донесено е решение Кс.Кр.бр.62/2014 од 18.06.2014 година со кое било одлучено дека против обвинетиот сега тужителот, нема место за обвинение за наведеното кривично дело и со ова решение запрена била кривичната постапка. Со Решение КСЖ-105/14 од 23.07.2014 година на Апелациониот суд Битола, одбиена била жалбата на С. Банка АД Б., а решението Кс.Кр.бр.62/2014 од 18.06.2014 година на Основниот суд Прилеп било потврдено. Тужителот поднел барање до Република Македонија- Министерство на ден 11.03.2017 година за надомест на штета поради неосновано лишување од слобода, но тужителот бил известен дека неговото барање за спогодбено утврдување на штета не е усвоено. Тужбата на тужителот за надомест на нематеријална штета поради повреда на слободата, поради неосновано лишување од слобода, односно притворање, честа и угледот е поднесена на ден 17.07.2017 година.

На вака утврдените факти, по наоѓање на Врховниот суд на Република Северна Македонија, пониските судови правилно го примениле материјалното право кога го одбиле тужбеното барање на тужителот во смисла на одредбата од член 550 став 1 од Законот за кривичната постапка, заклучувајќи дека е настапена застареност на побарувањето за надомест на нематеријална штета во вкупен износ од 5.170.000,00 денари.

Имено, согласно член 550 став 1 од Законот за кривичната постапка, правото на надомест на штета застарува за три години од

денот на правосилноста на пресудата со која обвинетиот е ослободен од обвинението или со кое обвинението е одбиено, односно во рок од три години од правосилноста на решението со кое обвинителниот акт бил отфрлен или постапката е запрена, а ако по повод жалбата решавал повисокиот суд, во рок од три години од денот на приемот на одлуката на повисокиот суд.

Поаѓајќи од содржината на цитираната законска одредба, произлегува дека за почнување на течење на рокот за застареност за правото на надомест на штета, од суштествено значење е да е донесена правосилна пресудата со која обвинетиот е ослободен од обвинението или со кое обвинението е одбиено, односно правосилно решение со кое обвинителниот акт бил отфрлен или постапката е запрена, а ако по повод жалбата решавал повисокиот суд, во рок од три години од денот на приемот на одлуката на повисокиот суд.

Подведувајќи ја цитираната одредба под утврденото од страна на пониските судови, според наоѓањето на Врховниот суд на Република Северна Македонија, правилно пониските судови застанале на стојалиште дека тужбеното барање на тужителот за надомест на нематеријална штета, е застарено. Имено, ако се има предвид утврдениот и неспорен факт дека Решението за запирање на покренатата истрага Ки.бр.76/13 од 04.03.2014 на истражен судија при Основен суд Прилеп, станало правосилно на ден 11.03.2014 година и ако се има предвид рокот од три месеци предвиден за течење на постапката пред министерството за правда, правилно оцениле пониските судови дека тужителот имал право да ја поднесе предметната тужба најдоцна до ден 11.06.2017 година а во кој рок е пресметан и рокот од три месеци во кој Министерството е должно да донесе одлука по поденсеното барање за штета. Во конкретниот случај тужителот ја поднел предметната тужба на ден 17.07.2017 година, односно по истеккот на законски предвидениот рок за нејзино поднесување, поради што пониските судови констатирале дека тужбеното барање на тужителот е застарено.

Врховниот суд на Република Северна Македонија ги ценеше наводите на тужителот во ревизијата дека во конкретниот случај постои континуитет на кривичното гонење од причина што од страна на С. Банка АД Б. со супсидијарен обвинителен акт било преземено кривично гонење, па како оваа постапка била завршена со решение КСЖ-105/14 од 23.07.2014 година на Апелациониот суд Битола од правосилност на ова решение требало да се смета рокот за застареност на барањето за надомест на штета, но најде дека се неосновани. Ова од причина што предмет на тужбено барање е надомест на штета причинета со неосновано и неоправдано издржување мерка притвор. Мерката притвор

бил изречена и спроведена во постапка Ки.бр. 76/13 и врз основа на решението за спроведување на истрага при што поведената кривична постапка со сусидиерниот обвинителен акт е без влијание по однос на претрпената штета на тужителот а дека по поднесениот субсидијарен обвинителен акт не биле преземени дејства со кои тужителот неосновано и неоправдано бил лишен од слобода поради што правото за поднесување на тужба за надомест на штета и рокот во кој истото можел да го остварува не се врзуваа за оваа постапка.

Од наведените причини следуваше ревизијата да се одбие како неоснована, согласно член 384 став 1 од Законот за парничната постапка.

Пресудено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 22.10.2020 година, под Рев2.бр.11/2020.

Претседател на советот - судија
[redacted] с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар,